**20241282266**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 88 став (1) точка в), став (3) и член 184 точка љ) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/2020, 288/2021 и 53/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија постапувајќи по Барањето бр.03-526/1 од 29.05.2024 година на Македонската Берза АД скопје за согласност на Одлука за измени и дополнувања на Тарифник за висина на надоместоци на Македонска Берза АД Скопје на седницата одржана на ден 6.6.2024 година донесе

### РЕШЕНИЕ

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката број 02-522/1 од 29.5.2024 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје со исклучок на т.10 (ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ) во делот на точка 2 од оваа Одлука.
2. СЕ НАЛОЖУВА на Македонската берза АД Скопје годишните надоместоци за котација на хартии од вредност утврдени во точка 2 од Одлуката број 02-522/1 од 29.5.2024 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје да бидат применливи и наплатени почнувајќи од 01.07.2024 година.
3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонската берза АД Скопје да достави до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија пречистен текст на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје.
4. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 бр. 08-49
6 јуни 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.